ОПШТИНА
Примено: 24-01-2024
Организациона единица | Број | Прилог | Вредност
11 - 14/1

( Образец ПП……)

Општина Битола
**До:**_______________________________________________
**(имател на информацијата)**

# **Б А Р А Њ Е**
## **ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________
_____________________________________________________________________
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**1**.Вкупен број на лица со попреченост на ниво на Општина Битола и колку од нив се деца,а колку возрасни(доколку има увид,со каков вид на попреченост се лицата)-(телесна,интелектуална,слепи лица).
**2**.Кои се центрите за згрижување и престој на деца со попреченост во рамките на Општина Битола,колку деца со попреченост вбројуваат ?
**3**.Колку и какви типови на здруженија има во Општина Битола за лица со попреченост ?
**4**. Кои невладини сектори и меѓународни организации се вклучени во развивањето на услугите за лицата со попреченост во Општина Битола? (Доколку ги има).
_____________________________________________________________________
(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- **в) фотокопија**
- **г) електронски запис**
- д) друго ________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д)др[redacted]

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е

потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Битола, 22.01.2024 година.** ________________________________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за Јавни дејности

Бр.11-14/2
24.01.2024

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-14/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Евгенија Чукалева

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**

Одделение за јавни дејности

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 25-01-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| | 11-14/3 | | |

До
Евгенија Чукалева
Лице за посредување при остварување на слободен пристап до информации од јавен карактер

**Предмет**: Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со вашето барање бр. 11-14/2 за пристап до информации од јавен карактер, врз основа на барање бр. 11-14/1 поднесено од [redacted] ве известуваме дека:

Во поглед на прашања под реден број 1 до 3, податоците ги содржи РЕВИДИРАН СОЦИЈАЛЕН ПЛАН НА ОПШТИНА БИТОЛА 2021-2024 (достапен на следниот линк https://www.bitola.gov.mk/wp-content/uploads/2020/10/%D0%A1%D0%BE%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD-%D0%BF%D0%BB%D0%B0%D0%BD-%D0%91%D0%B8%D1%82%D0%BE%D0%BB%D0%B0-2021-2024.pdf) како официјален стратешки документ во поглед на социјалната заштита во Општина Битола.

Во поглед на прашање 4 односно кои невладини сектори и меѓународни организации се вклучени во развивањето на услугите за лицата со попреченост, може да се каже дека Општина Битола успешно соработува со невладиниот сектор и меѓународните организации меѓу кои најистакнати во полето на социјална заштита се УНДП, НАЛАС, ГИЗ, ЕРАЗМУС.

Целосна листа на активни граѓански организации во Општина Битола можете да превземете на следниот линк https://www.bitola.gov.mk/wp-content/uploads/2023/05/Lista_aktivni_grag_zdruz_23.xlsx .

24.01.2024

Раководител на одделение
за јавни дејности
м-р Виолета Налевска

Изработил:
м-р Симона Јовеска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 234 234 047 208 336 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-14/4
29.01.2024

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **24.01.2024 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted] по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: Прашање бр.1 **(Вкупен број на лица со попреченост на ниво на Општина Битола и колку од нив се деца а колку возрасни.) (детален опис во прилог на Решението)**

**СЕ УВАЖУВА**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted]елот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата:**

**Во Прилог:**
1. Копија од барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-14/1
2. Допис до Раководител на Одделение за Јавни дејности со бр. 11-14/2 од 24.01.2024 година
3. Одговор од Раководител на Одделение за Јавни дејности со бр. 11-14/3 од 25.01.2024

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 29.01.2024 година, под бр. 11-14/4

**Службенено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Евгенија Чукалева**

______________________

**Емилија Илиевска**

______________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА